Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА

2014

Бул. ВМРО бр. 3, 1000 Скопје, Република Македонија; Веб сајт: www.avmu.mk

**ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ**
**ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА**
**КАКО АСПЕКТ НА МЕДИУМСКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ**

## *Вовед*

Политичкиот плурализам, или „фер и разновидно претставување и изразување ... на различните политички и идеолошки групи во медиумите, вклучувајќи ги и малцинските ставови и интереси“,[1] е посочен како неизбежен елемент на медиумскиот плурализам во демократските општества, во секоја препорака, истражување или акт на оваа тема, меѓу кои и *Прирачникот за оценување на медиумскиот плурализам (внатрешен плурализам)*[2]. Овој документ е усвоен од регулаторното тело за медиуми на Република Македонија во декември 2012 година, и е подготвен со експертска помош во рамките на ТАИЕКС мисијата посветена на унапредувањето на медиумскиот плурализам и разновидност. Земајќи ги како појдовна точка показателите за оценување на медиумскиот плурализам од *„Независната студија за индикаторите за медиумски плурализам во земјите членки – кон приод заснован на ризик“* на Европската комисија, *Прирачникот*... го поставува политичкиот плурализам како една од шесте области преку кои се мери плуралноста на македонската медиумска сфера, правејќи избор од релевантни показатели.

За да ја претстави сликата за политичкиот плурализам за време на изборна кампања, анализава нуди одговори на прашањата поврзани со тие показатели. Имајќи предвид дека темелното уредување, односно поставувањето на основните принципи и правила на игра за која било област, секогаш се наоѓа во регулативата, оваа анализа најпрвин ги разгледува индикаторите за политички плурализам што ги дава легислативата, а потоа ја илустрира фактичката состојба со конкретни примери.

[1] *Прирачник за оценување на медиумскиот плурализам (внатрешен плурализам)*, стр.4, достапен на англиски јазик како *Manual for Media Pluralism Assessment (Internal Pluralism)* на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=665&Itemid=97&lang=en.
[2] Ибид. Актот се потпира на документот *Мерење на медиумскиот плурализам: Совети од ОФКОМ за државниот секретар за култура, олимписки игри, медиуми и спорт* од 2012 година (*Measuring Media Plurality: Ofcom's Advice to the Secretary od State for Culture, Olympics, Media and Sport*) и на *Независната студија за индикаторите за медиумски плурализам во земјите членки – кон приод заснован на ризик*, на Европската комисија од јули 2009 година (*Independent Study on Indicators for media Pluralism in the member States – Towards a Risk - Based Approach*).

Законската рамка ги опфаќа пред сè (но не исклучиво) *Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*[3], *Законот за медиуми*[4] и *Изборниот законик*[5]. Првите два акти влегоа во сила на 3 јануари 2014, а третиот, во почетокот на 2014 година претрпе значајни измени, при што една од најсуштинските беше тоа што правилата за медиумско покривање на изборните процеси станаа составен дел од Законикот, наместо како дотогаш да се регулираат со подзаконски акти. Практичните примери што се понудени се состојат од споредбени показатели за начинот на кој Јавниот радиодифузен сервис и националните терестријални телевизиски станици известуваа за парламентарните избори во 2011 и во 2014 година, за да се види како функционираат во практиката гарантираната уредничка независност и обврската за плурализам во известувањето.

***Законска рамка за медиумскиот плурализам***

Политичкиот плурализам во медиумите, како што посочува неговата дефиниција, е двоен: „од една страна го подразбира капацитетот и можноста на сите општествени сегменти кои имаат различни политички/идеолошки форми или интереси да и се обратат/да достигнат до јавноста со посредство на медиумите (поседувани од нив или блиски до нив или поседувани од трети страни) и од друга страна спектарот на (политички и идеолошки) гледишта, ставови и интереси покриени од и претставени во медиумите“[6].

Ваквото двојство на поимот подразбира дека законски треба да се предвидат обврски општо - за сите актери кои имаат улога во обезбедувањето медиумски плурализам, и поспецифично - за политичкиот плурализам.

Еден од сегментите во општата рамка е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која како регулаторно тело што го следи почитувањето на *Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

---

[3] Достапен на англиски јазик како *Law on Audio and Audiovisual Media Services* на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=61&Itemid=99&lang=en.

[4] Достапен на англиски јазик како *Law on Media* на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1158%3A2014-01-03-08-51-48&catid=61%3Azakoni&Itemid=99&lang=en.

[5] Достапен на англиски јазик како *Electoral Law (Consolidated version)* на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1202%3A2014-02-03-09-08-49&catid=152%3Aizbori2014&Itemid=99&lang=en.

[6] Во *Прирачник за оценување на медиумскиот плурализам (внатрешен плурализам)*, стр.4, (според дефиницијата од *Студијата за индикаторите...*), достапен на англиски јазик како *Manual for Media Pluralism Assessment (Internal Pluralism)* на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=665&Itemid=97&lang=en.

(ЗААВМУ) и на *Законот за медиуми* (ЗМ), меѓу своите надлежности ги вбројува и заштитата и развојот на плурализмот преку постоење разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заедно со обезбедувањето јавност во работата на радиодифузерите, поттикнувањето на слободата на изразување и заштитата на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги (член 6 ЗААВМУ).

Во однос на радиодифузерите, ЗААВМУ (член 61) потенцира повеќе начела до кои тие треба да се придржуваат при работата меѓу кои и: еднаквоста на слободите и правата независно од политичкото убедување; објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да го оформи своето мислење за одделни настани и прашања; почитување на тајноста на изворот на информацијата; гарантирање на правото на одговор и исправка; самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика. На ваков начин, основните новинарски стандарди, чие почитување е прашање на професионална етика, стануваат и законска обврска за медиумските професионалци вработени во кој било сектор на радиодифузијата – јавен, комерцијален, непрофитен.

Поради посебната улога на Јавниот радиодифузен сервис, ЗААВМУ за Македонската радиотелевизија (МРТ) дополнително определува обврски (член 110) и стандарди и начела (член 111). Првите се однесуваат на тоа дека МРТ има обврска да создава и емитува програми со кои активно ќе придонесува за создавање и развој на слободното мислење и информирање на јавноста и ќе биде двигател на демократските процеси во државата; таа не смее да застапува ниту да заштитува ставови или интереси на одредена политичка партија, политички, религиски или други групи, а програмите кои ги создава и емитува треба да бидат заштитени од влијание на власта, политички организации или други центри на економска и политичка моќ; таа треба да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање за сите важни настани и случувања вклучувајќи ги и политичките; треба да ја промовира и унапредува културата на јавен дијалог и да овозможи арена за широка јавна дебата за прашањата од јавен интерес; да придонесува за почитување и промоција на основните човекови права и слободи, приватноста, достоинството, угледот и честа на индивидуата, толеранцијата, разбирањето и почитувањето на различностите, чувството за мир, правда,

демократските вредности и институциите, заштита на малолетниците, еднаквоста меѓу половите, сузбивање на дискриминацијата и унапредување на придобивките од граѓанското општество. Кај вторите, директно е пропишано дека МРТ треба да се придржува кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледишта; дека новинарите треба да бидат политички независни и автономни и дека не треба да се застапуваат или фаворизираат ставови или интереси на одредена политичка партија, здружение, личен интерес, религија или идеологија, при што еднакво ќе се уважуваат мислењето и уверувањето на другите. Освен тоа, се акцентираат и начелата за вистинитост, непристрасност и сеопфатност на информациите кои ќе бидат презентирани јасно и недвосмислено така што граѓаните ќе можат слободно да го формираат своето мислење. Секако, ЗААВМУ потенцира и оти МРТ, како Јавен радиодифузен сервис, е „независна од кој било државен орган, друго јавно правно лице или трговско друштво и треба во уредувачката и деловната политика да биде непристрасна кон нив“ (член 104).

Освен регулативните гаранции за уредувачката независност, како важни индикатори за независноста на Јавниот радиодифузен сервис се сметаат и процедурите за назначување и за составот на неговите органи и механизмите за негово финансирање. Овие прашања се уредени во посебно заглавие од ЗААВМУ, при што низ повеќе членови се пропишани постапката и правилата за избор, како и критериумите за членовите, надлежностите, актите и начинот на работа на органите на МРТ: Програмскиот совет, Надзорниот одбор и директорот и заменик - директорот.

Улогата на Програмскиот совет (членови од 116 до 124) е да ги штити интересите на јавноста и да се грижи за остварување на интересите, целите и надлежностите на МРТ, од аспект на програмските содржини. Меѓутоа, тој не смее да ги прегледува емисиите или другите делови од програми пред да бидат емитувани, зашто тоа би претставувало мешање во уредувачката и новинарската независност и самостојност (член 116). При изборот на 13-те члена, на овој орган на МРТ треба да се води сметка неговиот состав да ја отсликува различноста на македонското општество од повеќе аспекти, вклучувајќи го и родовиот. Членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија (член 117), но ги предлагаат повеќе овластени предлагачи (Интеруниверзитетската конференција, Албанскиот и Турскиот театар, здруженијата на новинари, Заедницата на единиците на локалната

самоуправа и парламентарната Комисија за прашања на изборите и именувањата.

ЗААВМУ ги пропишува и базичните правила за избор и за работа на членовите на Надзорниот одбор, како орган кој врши надзор над материјално - финансиското работење на МРТ (членови од 125 до 129). Изборот, врз основа на конкурс, а во постапка и под услови утврдени со Статутот на Јавниот радиодифузен сервис, го врши Програмскиот совет.

Ваков е случајот и при изборот на директор и заменик – директор на МРТ. Основните аспекти од работењето и на директорот, како орган на МРТ кој го претставува и застапува јавниот сервис (меѓу другото), се исто така дадени во ЗААВМУ (членови 130 – 132).

Овој закон јасно ги пропишува критериумите што треба да ги исполнат личностите што заземаат позиција во кој било од органите на МРТ, ги прецизира нивните надлежности, определува со кои функции е неспоиво членството во овие органи, како и условите под кои може предвреме да им заврши мандатот, обезбедувајќи така законска гаранција за нивната независност.

Важен сегмент од независноста на Јавниот радиодифузен сервис е неговото финансирање. Како финансиски извори на МРТ се лоцирани радиодифузната такса, емитувањето аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации, продажбата на програма и услуги, донациите и Буџетот на Република Македонија (член 105). Притоа се прецизира дека донациите не смеат да влијаат врз уредувачката независност на МРТ, а буџетските средства се користат за пренос и емитување на некои од програмските сервиси (член 109), како и за постигнување и одржување поголем степен програмски и техничко - технолошки развој, согласно Законот за контрола на државната помош. Трошењето на средствата со кои располага МРТ мора да биде транспарентно, економично, ефикасно и ефективно за што, до Собранието на Република Македонија, Јавниот сервис поднесува финансиски извештај и годишна сметка како дел од годишниот извештај за работа (член 106).

Уште еден битен аспект на политичкиот плурализам се граѓаните, зашто целата поента на напорите медиумите да обезбедат пристап до разновидни политички гледишта е токму создавањето услови граѓаните слободно, и располагајќи со што повеќе информации, да го формираат сопствениот став. Поради тоа, Македонската радиотелевизија мора да ги објави сите свои клучни

акти, извештаи, програми и одлуки, односно таа мора да овозможи јавноста да биде информирана за нејзиното работење и да влијае врз него (член 113).

Граѓаните како регулаторен механизам кој (меѓу другото) е битен за спречување на пристрасност на медиумите, го имаат правото на одговор и исправка на информација објавена кај радиодифузерите или кај печатените медиуми. Тоа е разработено во *Законот за медиуми* каде, во членовите од 17 до 28, се определени начините и условите, како и содржинските и техничките аспекти за објавување исправка или одговор, правото на тужба, одговорните лица итн.

Освен ова, како систем за проверка на почитувањето на законските одредби, Агенцијата има разработен начин за одговарање на претставки и поплаки од граѓаните кој се спроведува онака како што е пропишано со *Законот за постапување по претставки и предлози* и со *Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите* на Министерството за правда.

Правилата за обезбедување плурализам, во еден значаен дел се однесуваат на медиумските професионалци. Оттаму, еден од индикаторите за политичкиот плурализам се однесува на нивните професионални здруженија. Во Република Македонија има две професионални асоцијации - Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Македонска асоцијација на новинари (МАН). Овие две асоцијации, предлагаат членови во Советот на Агенцијата, односно во Програмскиот совет на Македонската радиотелевизија.

***Законска рамка за политички плурализам во време на избори***

Во ЗААВМУ, изборните процеси се спомнуваат во две одредби. Едната е членот 96 кој пропишува дека за време на изборните кампањи радиодифузерите и Агенцијата се раководат од обврските и барањата дадени во прописите со кои се регулираат изборите - со што ги пренасочува кон Изборниот законик. Другата одредба се однесува на Јавниот радиодифузен сервис кому секогаш, вклучувајќи ги и изборните процеси, не му е дозволено да емитува аудиовизуелни комерцијални комуникации за политички партии, коалиции и нивни претставници, независни кандидати и носители на политички функции (член 53 од ЗААВМУ).

Како што веќе беше посочено во воведниот дел од анализава, *Изборниот законик* претрпе неколку битни измени непосредно пред почетокот на Претседателските избори во 2014 година, односно пред Предвремените парламентарни избори кои беа распишани нешто подоцна, кога веќе во тек беше првиот изборен процес. Една од најсуштинските измени на *Законикот* се однесува на регулирањето на медиумското известување, кое сега е во целост пропишано со овој акт при што дел од одредбите се однесуваат на обврските кои важат генерално за сите радиодифузери, дел ги содржат посебните правила за Јавниот радиодифузен сервис, а дел го пропишуваат постапувањето на Агенцијата. Со измените престанаа да важат *Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања* и на *Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања*, акти кои беа донесени од страна на регулаторното тело за медиуми и беа дел од претходната изборна регулатива.

Сите поими важни за известувањето на радиодифузерите во времето на еден изборен процес – односно од распишувањето на изборите па сè до објавувањето на резултатите – се дефинирани во член 2 од *Изборниот законик*. Таму, во точките од 21 до 28 е прецизирано што се подразбира под: изборен процес; облици на изборно медиумско претставување; дневно-информативни емисии; директен пристап до избирачите; бесплатно политичко претставување; платено политичко рекламирање; посебни информативни програми; и изборно медиумско претставување.

Генералните правила за радиодифузерите, кои ја сочинуваат и основата на *Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси (Пречистен текст)* [7] според која Агенцијата го врши мониторингот на медиумското известување во текот на изборниот процес, се разработени во низа одредби, почнувајќи со членот 75. Во него е дадена основата според која треба да се раководат сите телевизии и радија кои ќе се одлучат да ги покриваат изборите – имено да известуваат на правичен, избалансиран и непристрасен начин, при што на сите учесници во кампањата ќе им овозможат

[7] *Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси (Пречистен текст)* достапна на англиски јазик како *Methodology for Monitoring Election Media Coverage Through Radio and Television Programme Services During the Election Processes (Consolidates text)* на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1202%3A2014-02-03-09-08-49&catid=152%3Aizbori2014&Itemid=99&lang=en.

еднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување, со тоа што изборно медиумско претставување нема да има во програмите наменети за малолетната публика.

За да се оцени дали некој медиум известувал избалансирано или не, неопходно е да се определи принципот што треба да се почитува. Различните видови избори - претседателски, парламентарни, локални – имаат различни специфичности, поради што и принципите за постигнување баланс не се исти, а влијание има и тоа дали станува збор за национален, регионален или локален медиум. При изборот на претседател на државата и при изборот на градоначалници (како сегмент од локалните избори), се применува принципот на еднаквост: на сите кандидати да им се овозможи еднакво време. Овој принцип се однесува и на начинот на кој локалните медиуми ги следат изборите за членови на општинските совети (другиот сегмент од локалните избори). За парламентарни избори и за известувањето на националните и регионалните медиуми за локалните избори во делот на изборот на членови на советите на општините, важи принципот на пропорционалност според бројот на листи со кандидати потврдени од надлежните изборни органи. Секако, имајќи предвид дека во политичката арена има субјекти различни по својата големина и со различен пристап кон кампањите – при оценувањето на избалансираноста се води сметка и за интензитетот на кампањата.

Една од новините, кои за првпат се применија на изборите 2014 година, е тоа што за вестите на Јавниот радиодифузен сервис Изборниот законик пропиша поинакви правила наместо принципите на еднаквост односно пропорционалност. Имено, беше утврден принцип на распределување на времето во вестите на МРТ на третини: една третина за дневни настани од земјата и светот, една третина за активностите во кампањата на партиите од власта и една третина за активностите на политичките партии од опозицијата, при што во третините наменети за кампањите на партиите од власта и опозицијата, времето ќе биде распоредено според резултатите од последните парламентарни избори (член 76-а ставови 2 и 3). Изборниот законик утврдува и други обврски на Јавниот сервис како што е да ги информира гласачите за начинот и техниката на гласање; редовно да ги информира граѓаните со оштетен слух за изборите, како и да емитува бесплатно политичко претставување, на датум и по редослед определен со ждрепка, во периодот од 16:00 до 23:00 часот (кога станува збор за неговите телевизиски сервиси), јасно означено во текот на целото емитување и со распределба на времето согласно

принципите за избалансираност од член 75-а (еднаквост, односно пропорционалност). Изборната легислатива, утврди и уште една новост - Собранискиот канал да емитува по 3 часа бесплатно политичко претставување за партиите од власта и од опозицијата согласно резултатите од последните парламентарни избори.

Обидот да се применат овие новитети покажа потреба од дообјаснување, особено затоа што не е предвидено во која третина и со колкаво времетраење МРТ ќе известува за независните кандидати и за оние субјекти кои не учествувале на последните парламентарни избори За овие субјекти МРТ нужно мора да известува за да ја исполни својата обврска за политичка избалансираност и плурализам на гледишта, односно да обезбеди информации за целината на изборниот процес и за сите учесници во изборната кампања. Исто така, Законикот нема земено предвид дека МРТ има телевизиски и радио сервиси чија целна публика се немнозинските етнички заедници. За да се разреши несигурноста кај МРТ, беа направени консултации со сите заинтересирани субјекти, и беше понудено допрецизирање во *Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси (Пречистен текст)*[8]. Со неа се препорачува, МРТ во секоја дневно – информативна емисија да издвои дополнителни 5 минути во кои ќе известува за независните кандидати и за оние субјекти кои не учествувале на последните парламентарни избори, при што времето ќе биде распоредено рамномерно, а во случај да има само еден субјект, времето за него да не изнесува повеќе од една третина (1 минута и 40 секунди). Исто така, во ТВ и радио вестите на јазиците на немнозинските етнички заедници, се препорачува инверзна примена на правилото за поделба на времето во третините наменети за кампањите на партиите на власта и на партиите од опозицијата, во однос на распределбата на времето на МРТ1 и на Македонско радио Прва програма.

Кога станува збор за известувањето за изборите во вестите (кај сите медиуми), има едно прашање кое се отвора на секој изборен процес, а кое произлегува од двојната позиционираност на дел од политичарите за време на избори зашто, кандидатите од партиите на власт и за време на изборен процес ги задржуваат своите функции. Така медиумите, од една страна, имаат право да известуваат за редовните активности на носителите на функции на власта за да биде информирана јавноста за тоа како тие ја извршуваат својата

[8] Ибид. стр. 8-9.

функција. Сепак, од друга страна, ваквото известување во време на изборен процес може да резултира со дополнително време за кандидатите од партиите на власт употребено за промовирање на нивните успеси. Поради ова, со *Законикот* се определува дека известувањето за редовните активности на власта, како и на сите субјекти на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, од денот на распишување на изборите па сè до нивното завршување, не смее да биде во функција на чија било кампања (член 75-б). Во обид дополнително да се расчисти ова прашање, се воведува забрана за одржување јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба објекти финансирани со средства од Буџетот, од јавни фондови, од јавни претпријатија или од други правни лица кои располагаат со државен капитал, во инфраструктура (патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и слично) или објекти за општествени дејности (училишта, градинки и др.). Оваа забрана важи во периодот од 20 дена пред почетокот на изборната кампања па сè до крајот на изборите, но исклучок од неа се: „јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање“ (член 8-а став 2 алинеја 2).

Во *Законикот* има и збир од правила кои се однесуваат на објавувањето резултати од истражувањата на јавното мислење во дневно – информативните емисии (член 77). Резултатите се објавуваат најдоцна пет дена пред гласањето во обата круга, а испитувањата на јавното мислење реализирани на денот на гласањето може да се објавуваат само по 19:00 часот, по затворањето на гласачките места. Сите прилози во кои се информира за сондажи на јавното мислење во врска со изборите мора да содржат податоци кои ќе сведочат за нивната научност и релевантност, што значи дека мора да се соопшти името на нарачателот кој го побарал и го платил истражувањето, истражувачката институција, методологијата, периодот на спроведување и големината и структурата на примерокот.

Важен показател за тоа дали на сите учесници во кампањата им се обезбедени еднакви услови за пристап се - регулативните гаранции во врска со политичкото рекламирање. Законикот определува дека за него не важат принципите на пропорционалност, односно еднаквост (членот 75-а). Затоа, за него се пропишани следниве правила (член 76): платеното политичко рекламирање мора да биде издвоено од другата програма, јасно означено и со јасно идентификуван нарачател; во него не смеат да учествуваат малолетници;

тоа не смее да се емитува во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и (како што веќе е определено со ЗААВМУ) да не се емитува на Јавниот радиодифузен сервис. *Законикот* прави разлика меѓу информирањето и политичкото рекламирање во однос на два типа емисии. Од една страна, забранува посебните информативни емисии (информативно - политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми) да се користат како платено политичко рекламирање за да се обезбеди објективно информирање и заштита на новинарската професија од какво било политичко влијание. Од друга страна, посочува дека кампањите на Државната изборна комисија за едукација на гласачите за фер и демократски избори не се платено политичко рекламирање и треба да бидат издвоени од другата програма со јасно означен нарачател.

Освен овие општи правила, со чие почитување радиодифузерите ќе им овозможат на политичките субјекти еднакви услови за пристап до платеното политичко рекламирање, *Изборниот законик*, во поглед на политичкото рекламирање, го раздвојува периодот меѓу распишувањето на изборите и почетокот на кампањата од периодот на изборната кампања. *Законикот* (член 75-д) го забранува емитувањето платено политичко рекламирање во времето од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања. Ова е важно затоа што според ЗААВМУ, надвор од периоди на изборна кампања, комерцијалните радиодифузери може да емитуваат платено политичко рекламирање во рамките на дозволените лимити за рекламирање на час емитувана програма. *Законикот*, прави еден исклучок, а тоа се огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатура на независен кандидат од група избирачи. Овие спотови, со кои индивидуални лица бараат поддршка од граѓаните за да се кандидираат на избори, можат да се емитуваат во рамките на лимитот за комерцијално рекламирање од 12 минути на реален час и може да содржат само основни податоци за собирањето потписи (но не и за кандидатот/ите), да имаат јасно означен нарачател и да не траат подолго од 8 минути.

За време на изборна кампања на радиодифузерите им се дозволуваат дополнителни 12 минути на реален час исклучиво наменети за емитување платено политичко рекламирање, со ограничување на времето за еден учесник

во кампањата на 8 минути. За да се обезбеди транспарентност, ценовниците треба да се утврдат пет дена од распишувањето на изборите и во истиот рок да се доставаат до Агенцијата, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата. Секој медиум треба на својата програма да го објави својот ценовник за платено политичко рекламирање најмалку двапати до почетокот на кампањата; цените не смеат да се менуваат во текот на кампањата, а за сите учесници во изборниот процес треба да има рамномерен пристап до платеното политичко рекламирање.

За да се избегне влијание од страна на органите на власта, во периодот од распишувањето на изборите па до нивното завршување, се забрануваат и објавувањето реклами финансирани од буџетите на: државата, општините, градот Скопје и на сите субјекти на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

На денот на гласањето, како и еден ден претходно, владее т.н. изборен молк. Тоа значи дека во овие денови не е дозволено изборно медиумско претставување, иако радиодифузерите известуваат за изборниот процес. Сепак, но за да не го прекршат молкот, тие не смеат да емитуваат „какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта" (член 76-б).

*Изборниот законик* содржи и одредби во врска со уредничката независност, така што на уредници, новинари, водители на програма и презентери им забранува истовремено да се ангажираат и во подготвувањето на програмите на радиодифузерите и во предизборни активности на учесници во кампања (член 75-в).

Сите ТВ и радио сервиси имаат обврска да го снимаат излезниот сигнал од својата програма, да го чуваат 30 дена по крајот на изборите и на Агенцијата, на нејзино барање да и доставаат снимка во рок од 48 часа по приемот на барањето (член 75-г). Освен за случаите на претставки или барање

право на одговор или исправка, ова е важно и за мониторингот на Агенцијата која има обврска (член 76-в) да го следи известувањето на радиодифузерите од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето. Доколку утврди прекршување на *Изборниот законик* регулаторното тело е должно да покрене прекршочна постапка против радиодифузерот во рок од 3 дена, а доколку прекршувањето се однесува на одредбите за избалансирано покривање на кампањата кај Јавниот радиодифузен сервис - да поднесе предлог за покренување постапка за разрешување на директорот на МРТ. За да се обезбеди навремено постапување, *Законикот* ги пропишува и роковите за постапување на судовите во прва и втора инстанца и рокот за жалба.

Поради обврските за мониторинг и за постапување по констатираните прекршувања што Изборниот законик и ги наметнува на Агенцијата во време на изборните процеси, во член 75-г од Законикот, се прецизира дека средствата за финансирање на овие обврски се обезбедуваат од Буџетот на Републиката, на посебна сметка, служат само за активностите за време на изборниот процес, а доколку останат неискористени средства – тие се враќаат во Буџетот.

***Известувањето за избори во практиката***

Изборите секогаш се време кога најмногу доаѓа до израз нивото на посветеност на радиодифузерите кон професионалните принципи за објективност и непристрасност во информирањето, и кон подготвеноста да се известува со подеднаков третман за активностите на сите учесници во една изборна кампања. Оттаму ова е период кој е особено податлив за да се прикаже каква претстава за политичкиот плурализам градат медиумите.

Регулаторното тело за медиуми врши мониторинг на известувањето на радиодифузерите за сите избори. Тоа е сложен процес, како поради својата сеопфатност, така и поради времетраењето, а подразбира истражувачки зафат заснован врз научно поставена методологија при кој се следи и оценува начинот на кој известуваат медиумите, а за констатираните прекршувања се изрекуваат мерки. Добиените резултати, на крајот се сублимираат во извештаи кои се објавуваат. Токму два вакви извештаи ќе послужат за да се илустрира како во практиката функционира политичкиот плурализам како аспект на медиумскиот плурализам. Имено, за да се покаже како известувале во време на избори Јавниот радиодифузен сервис и националните терестријални телевизиски станици Алсат–М, Алфа, Канал 5, Сител и

Телма, ќе се направи споредба помеѓу наодите од нивното следење на изборните кампањи за парламентарните избори во 2011 и во 2014 година. Податоците се земени од *Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година*[9] и од *Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2011 година*[10].

Како што веќе е елаборирано погоре, јавниот сервис – Македонска радиотелевизија, на изборите во 2014 година за првпат требаше во вестите да им обезбеди рамноправен пристап на учесниците во изборната кампања на тој начин што овие дневно – информативни емисии ќе ги дели на третини: една за дневните настани од земјата и светот, една за кампањите на партиите од власта и една за кампањите на партиите во опозицијата. Притоа, времето во третините за власта и за опозицијата треба да биде распределено правопропорционално со гласовите освоени на претходните парламентарни избори (односно, изборите во 2011 година). За да ја исполни својата улога на јавен сервис и професионалната обврска да информира за целината на изборниот процес обезбедувајќи плурализам на гледиштата, МРТ одлучи да ги прифати препораките од *Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси (Пречистен текст)* на Агенцијата. Имено, таа издвои дополнително време во кое известуваше за независните кандидати и за политичките партии/коалиции кои не учествуваа на Парламентарните избори во 2011 година, а во вестите на албански јазик на МРТ2 спроведе инверзна пропорционална распределба на времето во третините за власта и опозицијата во однос на МРТ1.

Всушност, обврската на Јавниот сервис за рамноправен пристап се исполнува во две етапи. Првин, секој од сервисите треба да го подели времето во третини, а потоа, во рамките на третините – на секоја партија или коалиција од власта, односно од опозицијата треба да и додели време кое е

---

[9] *Извештај од мониторингот на медиумското покривање на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година*, достапен на македонски јазик на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1202%3A2014-02-03-09-08-49&catid=152%3Aizbori2014&lang=mk.

[10] *Извештај од мониторингот на медиумското покривање на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2011 година*, достапен на англиски јазик како *Report of the Media Coverage during the Early Elections for Deputies in the Assembly of the Republic of Macedonia in 2011* на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=563&Itemid=361&lang=en.

правопропорционално со гласовите што ги освоила на претходните парламентарни избори. И како додаток, во дополнителните пет минути, треба да извести за субјектите кои не учествувале на претходните избори, при што ќе го подели времето меѓу субјектите. Ваквото двоетапно законско барање, Јавниот сервис го исполни и на првиот и на вториот телевизиски сервис[11]. Сепак, споредба со резултатите од известувањето за време на Парламентарните избори 2011 година е можна само за втората етапа зашто тогаш времињата се мерат субјект по субјект.

Затоа, најпрвин за новата обврска - третините. Во текот на целата кампања за избор на пратеници во Собранието во 2014 година, и во централните вести на македонски јазик на МРТ1 (графички приказ 1) и во централните вести на албански јазик на МРТ2 (графички приказ 2) имаше врамнотежена поделба на времето во трите дела пропишани со *Изборниот законик*, и беше емитувано дополнително време за другите учесници во изборната кампања.




Граф. 1: Распоред на времето во вестите на МРТ1 - Парламентарни избори 2014




Граф. 2: Распоред на времето во вестите на МРТ2 на албански јазик - Парламентарни избори 2014

Второ – пропорционалната распределба на времето. Со оглед на фактот дека ова е нивото на кое може да се направи споредба со резултатите од известување за парламентарните избори во 2011 година, неопходно е да се дадат неколку појаснувања за толкување на резултатите од изборните процеси во 2014 година. Имено, годинава истовремено се одвиваа и избори за претседател на државата и избори за пратеници во парламентот. Поради тоа,

[11] На Првиот телевизиски сервис - МРТ1 програмата се емитува на македонски јазик, а на Вториот телевизиски сервис МРТ2 се емитува програма на јазиците на немнозинските етнички заедници кои живеат во Република Македонија, со најголема застапеност на програмите на албански јазик, потоа на турски јазик, па на бошњачки, влашки, ромски и српски.

за оние субјекти кои имаа и претседателски кандидати времето се кумулираше, односно времето што тие го добиваат во третините е збир од прилозите и за претседателската и за парламентарната кампања. Доколку во споредбените графички прикази за известувањето на МРТ1 и на МРТ 2, се прикаже само времето за парламентарната кампања ќе претставува искривување на реалната слика за присутноста на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (и нивниот претседателски кандидат Ѓорѓе Иванов), Коалицијата предводена од СДСМ (и нивниот кандидат Стево Пендаровски) и на ДПА (и кандидатот Иљаз Халими)[12].

Она што е видливо кај МРТ1 на прв поглед, е дека во 2014 година вкупното време посветено на изборната кампања е помало отколку она во 2011 година. Ова се должи на фактот што, за да може полесно да ја прави распределбата на времето, Јавниот сервис одлучи вестите да му траат отприлика околу 35 минути. Во централните вести на МРТ1 во текот на целата кампања во 2014 година (графички приказ 3), заедничкото известување за парламентарната и претседателската кампања на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и на Ѓорѓе Иванов[13] е речиси двојно покусо отколку она од 2011 година. Вкупната присутност на Коалицијата на СДСМ и на нејзиниот претседателски кандидат Стево Пендаровски[14] во 2014 е порасната за околу 5 минути, а онаа на ДПА и на Иљаз Халими[15] е намалена за 13 минути. Новите правила резултираа и со намалување на извештаите за ДУИ за околу 31 минута, додека најголемо намалување е присутно кај ВМРО НП – околу 34 минути. Во 2011 година, МРТ 1 не го почитуваше принципот за постигнување баланс во известувањето за учесниците во изборната кампања и издвои драстично повеќе време за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Поради тоа, регулаторното тело тогаш донесе одлука да покрене прекршочна постапка против него. Како што веќе погоре е споменато, во 2014 година МРТ1 обезбеди рамноправен пристап согласно новите законски правила.

[12] Четвртиот претседателски кандидат Зоран Поповски, иако независен, беше поддржан од Коалицијата ГРОМ. Времето беше кумулирано и при известувањето за нив, но тие како субјекти не се појавуваат на изборите 2011 година, односно за нив не може да се прави компарација.
[13] Во времето од речиси 1 час и 50 минути, парламентарната кампања на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ зафаќа 1 час и 33 минути, а активностите на претседателскиот кандидат Ѓорѓе Иванов околу 17 минути.
[14] Вкупните извештаи траат околу 1 час и 47 минути, од што за Коалицијата на СДСМ 1 час и речиси 6 минути, а за нејзиниот претседателски кандидат Стево Пендаровски 41 минута.
[15] Вкупното време е околу 22 минути од што за ДПА 17 минути и за Иљаз Халими околу 4 минути.




| | Коал. ВМРО ДПМНЕ** | Коал. СДСМ** | ДУИ | ДПА** | Достоинство* | Обединети за Македон | ВМРО НП | СДУ | ЛДП | ПОДЕМ | Нова демократија | Демократска десница | НДП | Европска партија на | Коал. ГРОМ** | ПДП | Коал. за позитивна | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 01:49:51 | 01:47:06 | 00:26:18 | 00:21:43 | 00:03:52 | | 00:03:37 | 00:00:32 | | | | | 00:01:43 | 00:00:00 | 00:05:09 | 00:00:23 | 00:05:30 | |
| 2011 | 03:25:08 | 01:42:31 | 00:57:49 | 00:35:17 | 00:06:22 | 00:49:02 | 00:38:06 | 00:01:25 | 00:55:45 | 00:05:54 | 00:24:11 | 00:02:00 | 00:13:26 | 00:01:01 | | | | |

* Достоинство, на изборите во 2011 година учествуваше самостојно, како политичка партија, а на изборите во 2014 година во коалиција. Заради полесна споредба на податоците за тоа како се известувало за неа во двата изборни процеси, во сите графички прикази таа е идентификувана само како Достоинство.




| | Коал. ВМРО ДПМНЕ** | Коал. СДСМ** | ДУИ | ДПА** | Нова демократија | НДП | НДУ | ДУА | ПДП | Коал. ГРОМ** | ВМРО НП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 00:45:02 | 00:38:49 | 02:44:35 | 02:07:13 | | 00:31:34 | | | 00:14:04 | 00:07:52 | 00:02:04 |
| 2011 | 01:12:09 | 01:04:48 | 01:39:15 | 01:16:01 | 01:19:06 | 00:17:35 | 00:07:20 | 00:03:19 | 00:05:54 | | |

Кај МРТ2 нема значајно поместување во вкупното време посветено на известување за изборите во двете години (графички приказ 4), но во 2014, за ДУИ и ДПА, како парламентарни партии на Албанците во Република Македонија со најмногу пратеници, во централните вестите на албански јазик на МРТ2 е известувано повеќе отколку во 2011. Имено, ДУИ е поприсутна за околу 1 час и 5 минути, а ДПА – за околу 51 минута. Ова се должи на тоа што во дневно – информативните емисии на албански јазик, МРТ2 како канал наменет за етничките заедници во Република Македонија, го распредели времето во третините за кампањите на партиите на власта и за опозицијата инверзно во однос на вестите на македонски јазик на МРТ1. Поради ова, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, на изборите во 2014 се алоцирани околу 27 минути помалку отколку при изборите во 2011, а за Коалицијата на СДСМ – околу 26 минути помалку. Инаку, и кај МРТ2 прилозите за изборите во 2014 се дадени кумулативно[16]. МРТ2 и во двата изборни процеси ги почитуваше законските обврски, односно регулаторното тело нема преземено мерки за начинот на известување поради тоа што е почитуван принципот за баланс во известувањето (во 2011), односно новите законски одредби за рамноправен пристап (во 2014).

Од аспект на индикаторите на политичкиот плурализам, треба да се разгледаат податоците за времетраењето на информациите за активностите на власта. На МРТ1, во 2011 година власта со своите активности (како редовните така и оние во функција на кампања) е присутна во прилози со должина од околу 6 часа и 36 минути, додека во 2014 година, за нејзините активности се известуваше во текот на 40 минути и 21 секунда. На МРТ 2, во 2011 година, на власта и се посветени речиси 1 час и 18 минути, а во 2014 година - околу 7 минути. Врз ваквата појава, освен скратувањето на обемот на вестите, влијание можеби има и забраната да се организираат јавни настани при ставањето камен темелник или пуштањето во употреба на објекти финансирани со буџетски средства (како што е објаснето погоре, во делот за изборната регулатива).

Што се однесува пак до националните терестријални телевизиски сервиси Алсат–М, Алфа, Канал 5, Сител и Телма, како што може да се забележи од графичките прикази 5, 6, 7, 8 и 9, тие во 2014 година, посветија значително повеќе време (најмалку двојно) на известување за изборната кампања отколку во 2011 година. Притоа, ниедна од нив не го почитуваше принципот на баланс во известувањето согласно бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници.

[16] На времето на ДПА (околу 1 час и 41 минута) е додадено и известувањето за претседателскиот кандидат Илјаз Халими (26 минути), со информирањето за Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ (речиси 29 минути) е кумулирано и времето за Ѓорѓе Иванов (нешто над 16 минути), а кај Коалицијата на СДСМ (речиси 26 минути) е земено предвид и следењето на кампањата за Стево Пендаровски (околу 13 минути).




| | Коал. ВМРО ДПМНЕ | Коал. СДСМ | ДУИ | ДПА | Нова демократија | НДП | ДУА | ВМРО НП | Обединети за Македониј | Демократска десница | ЛДП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 01:11:42 | 01:15:58 | 01:58:13 | 01:25:04 | | 00:17:17 | | 00:15:11 | | | 00:01:50 |
| 2011 | 00:50:41 | 00:52:31 | 00:54:11 | 00:44:57 | 00:37:42 | 00:38:58 | 00:01:58 | 00:00:47 | 00:02:47 | 00:02:12 | |




**Граф. 6: Политичките субјекти во вестите на ТВ Алфа - парламентарни избори 2011 и 2014**

| | Коал. ВМРО ДПМНЕ | Коал. СДСМ | ДУИ | ДПА | Достоинство* | Обединети за Македо | ВМРО НП | СДУ | ЛДП | ПОДЕМ | Нова демократија | Демократска десница | НДП | Коал. ГРОМ | Коал. за позитивна | ПДП | Демократски сојуз |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 03:44:42 | 00:45:59 | 00:19:08 | 00:13:09 | | | 00:02:42 | | | | | | | 00:08:24 | 00:02:35 | 00:00:48 | 00:05:38 |
| 2011 | 01:30:30 | 01:48:09 | 00:11:54 | 00:06:38 | 00:09:19 | 00:26:28 | 00:11:26 | 00:00:48 | 00:12:22 | 00:00:46 | 00:06:12 | 00:05:35 | 00:05:53 | | | | |




**Граф. 7: Политичките субјекти во вестите на ТВ Канал 5 - парламентарни избори 2011 и 2014**

| | Коал. ВМРО ДПМНЕ | Коал. СДСМ | ДУИ | ДПА | Достоинство* | Обединети за Македонија | ВМРО НП | СДУ | Демократска десница | НДП | Коал. ГРОМ | ПДП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 05:11:45 | 01:02:03 | 00:25:42 | 00:19:14 | | | | 00:00:32 | | | 00:19:32 | 00:02:30 |
| 2011 | 01:56:48 | 00:54:56 | 00:31:43 | 00:19:20 | 00:01:48 | 00:04:31 | 00:02:06 | 00:00:57 | 00:01:29 | 00:10:29 | | |




**Граф. 8: Политичките субјекти во вестите на ТВ Сител - парламентарни избори 2011 и 2014**

| | Коал. ВМРО ДПМНЕ | Коал. СДСМ | ДУИ | ДПА | Достоинство* | Обединети за Македон | ВМРО НП | СДУ | ЛДП | Нова демократија | Демократска десница | НДП | Коал. ГРОМ | Коал. за позитивна | ПДП | ДОМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 05:36:12 | 00:32:44 | 00:22:49 | 00:19:27 | | | 00:02:09 | 00:01:44 | | | | | 00:19:08 | 00:11:16 | 00:00:33 | 00:01:34 |
| 2011 | 03:45:47 | 00:37:47 | 00:07:42 | 00:06:24 | 00:02:05 | 00:10:17 | 00:12:20 | 00:01:08 | 00:02:08 | 00:03:53 | 00:00:13 | 00:01:03 | | | | |




| | Коал. ВМРО ДПМНЕ | Коал. СДСМ | ДУИ | ДПА | Достоинство* | Обединети за Македон | ВМРО НП | СДУ | ЛДП | ПОДЕМ | Нова демократија | Демократска десница | НДП | Коал. ГРОМ | Коал. за позитивна | Демократски сојуз | ДОМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 01:19:44 | 01:36:24 | 00:43:18 | 00:23:44 | 00:10:25 | | 00:29:40 | | | | | | 00:23:44 | 00:13:49 | 00:13:15 | 00:01:25 | 00:00:47 |
| 2011 | 01:08:19 | 01:18:12 | 00:20:58 | 00:10:08 | 00:13:21 | 00:17:05 | 00:09:04 | 00:04:59 | 00:17:16 | 00:01:40 | 00:06:08 | 00:00:50 | 00:07:40 | | | | |

Три радиодифузери имаат значителни разлики во интензитетот со кој ги следеа кампањите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ на двата парламентарни изборни процеси. ТВ Алфа, во 2014 издвои околу 2 часа и 14 минути повеќе за оваа коалиција отколку во 2011 (графички приказ 6), кај ТВ Канал 5 таа разлика изнесува околу 4 часа и 15 минути повеќе (графички приказ 7), а кај ТВ Сител – околу 4 часа и 50 минути повеќе (графички приказ 8). Истовремено, ТВ Алфа го намали обемот информации за кампањата на Коалицијата предводена од СДСМ за околу 1 час и 2 минути, ТВ Канал 5 го зголеми за околу 7 минути, а ТВ Сител го намали за околу 5 минути.

Забележаното зголемување на известувањето во вестите на албански јазик на Алсат – М во 2014 година, е распоредено така што најголемо зголемување се јавува кај прилозите за кампањата на ДУИ - во 2014 има околу 1 час и 4 минути повеќе отколку во 2011 година. Кај ДПА таа разлика изнесува 40-тина минути, околу 23 минути кај Коалицијата на СДСМ, околу 21 минута кај Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и кај ВМРО НП - четиринаесетина минути (графички приказ 5). Намалување на застапеноста има само кај НДП (од околу 22 минути), но оваа партија не водеше интензивна кампања.

И кај ТВ Телма се бележи поголем интензитет информации во 2014 наспроти 2011 година. Притоа, најголемо зголемување и овде има кај ДУИ – околу 22 минути, кај ВМРО НП – околу 20 минути, кај НДП – околу 16 минути, Коалицијата на СДСМ – околу 18 минути, ДПА – тринаесетина минути и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ – околу 11 минути.

При известувањето во 2011 година, националните терестријални телевизии покажаа поголемо почитување на принципот за остварување баланс според бројот на листи со кандидати потврдени од надлежните органи, односно неизбалансирани беа Канал 5 и Сител, кои издвоија повеќе време за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. На парламентарните избори во 2014 година, сите пет национални терестријални радиодифузери покажаа дисбаланс во известувањето: Алсат – М во корист на ДУИ, Алфа, Канал 5 и Сител во корист на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, а Телма во корист на Коалицијата предводена од СДСМ. Поради ова, регулаторното тело донесе одлуки да се покренат прекршочни постапки против сите, додека во 2011, ваква мерка беше преземена против две од нив.

Споредбата на двата изборни процеси, покажува еден карактеристичен податок: во 2014 година, во дневно-информативните емисии на четири национални терестријални телевизии е намалено присуството на прилози за активностите на

носителите на функциите на власта. Обемот вакви информации кај Алсат – М е намален од 1 час и 35 минути во 2011, на 43 минути во 2014 година. Кај ТВ Алфа интензитетот на вакви прилози е намален од 2 часа и 6 минути во 2011 на 1 час и 40 минути во 2014. Во вестите на Сител има најголемо намалување – од безмалку 3 часа и 9 минути во 2011, на 1 час и 35 минути во 2014 година. Кај Телма, исто така, известувањето е намалено од 1 час и 54 минути на 24 минути. Единствено Канал 5 има практично незначителни промени во присуството на прилозите за власта во текот на двата изборни процеси: околу 1 час и 33 минути на првите и 1 час и 40 минути на вторите избори. Ваквата појава може да се гледа низ призмата на одредбата од *Изборниот законик* со која се забрани одржување јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба објекти финансирани со буџетски средства.

Уште еден важен индикатор за политичкиот плурализам за време на изборните процеси се претставките и поплаките. Во 2014 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигнаа 74 претставки и 2 поплаки. Сите беа разгледани. Само една беше прифатена како основана – претставката на СДСМ во врска со објавување резултати од испитувања на јавното мислење по истекувањето на дозволениот рок во вестите на Канал 5 - и регулаторното тело постапи по неа. Во 2011 година, бројот на претставките беше далеку помал, едвај десетина, а најголем дел од нив беа за прашања што не се во надлежност на регулаторното тело.

***Заклучни согледувања***

Прегледот на вкупната законска регулатива за обезбедување политички плурализам, и илустрирањето на нејзината примена со споредба на резултатите од медиумското известување за парламентарните избори во 2011 и 2014 година, покажува неколку работи.

Законската рамка континуирано се следи и менува со цел да се приближи кон стандардите на Европската унија, односно за да се инкорпорираат во нејзе препораките на ОБСЕ/ОДИХР.

Анализата на изборната регулатива во сферата на медиумите покажува дека постојат сите нужни предуслови за обезбедување политички плурализам за време на изборни процеси.

Според практиката, сепак, поголема е веројатноста законските измени и примената на мерките од страна на регулаторното тело, да вродат со плод кај Јавниот радиодифузен сервис, отколку кај приватните телевизии.

Кај Македонската радиотелевизија, двата телевизиски сервиси МРТ1 и МРТ2, во 2014 година, целосно ги исполнија законските барања да обезбедат рамноправен пристап, со што покажаа и поголемо придржување кон начелото на Јавниот радиодифузен сервис за политичка избалансираност и плурализам на гледишта од ЗААВМУ. Не може да се процени дали овде улога одигра и мерката предвидена со *Изборниот законик*: доколку не се обезбеди рамноправен пристап Агенцијата да поднесе предлог за покренување постапка за разрешување на директорот на МРТ.

Она на што би требало да се обрне внимание е, како одредбите кои се однесуваат на Македонската радиотелевизија да се прилагодат така што ќе се создадат услови МРТ да им обезбеди пристап на сите учесници во изборната кампања остварувајќи ја својата функција на Јавен радиодифузен сервис. Имено, при поделбата на времето во дневно – информативните програми треба да се предвиди сегмент во кој ќе се следат кампањите на независните кандидати и на оние партии и коалиции кои не учествувале на претходните парламентарни избори.

Резултатите од известувањето на приватните национални терестријални телевизиски станици покажуваат дека тие, во утврдувањето на својата уредувачка политика за време на изборните процеси, не се раководат од професионалните принципи или од придржувањето кон законската одредба која пропишува обврска за избалансирано покривање на изборна кампања, чие непочитување повлекува казнена мерка. Ова делумно можеби се должи и на висината на казните. При

известувањето за парламентарните избори 2014 година, во своите дневно - информативни емисии, тие не се држеа до начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења со што ќе и овозможат на публиката слободно да го оформи своето мислење за одделни настани и прашања. Поради неизбалансирано известување, регулаторното тело покрена прекршочни постапки за кои судот, според Изборниот законик, може да изрече глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и од 500 до 1500 евра за одговорното лице (член 181-а од *Изборниот законик*). Сите пет постапки што ги покрена Агенцијата, завршија со порамнување, односно не ни стигнаа во судска постапка, онака како што е предвидено со позитивната законска регулатива на Република Македонија. Имено, радиодифузерите и нивните одговорни лица прифатија дека ги сториле прекршувањата и платија половина од минималните глоби (1500 евра радиодифузерот и 250 евра во денарска противвредност одговорното лице во радиодифузерот).